


## ДЕЛ ОД ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН

Публикацијата ***„Македонски холокауст“***е дело на НИО „Студентски збор“ од Скопје, отпечатено во 1990, на 236 страници, на македонски јазик, чиј рецензенти се Живко Василевски и Христо Андоновски, а корицата ја дизајнираше академскиот сликар Ѓорѓи Даневски. Таа претставува значаен придонес во натамошното проширување на сознанијата за драмата на македонскиот народ и за нејзините режисери, кои што со невидена упорност ја продолжуваа со години, децении и векови и сé уште упорно ја продолжуваат и се надеваат до конечното искоренување на Македонците од нивниот дел на Балканот.

Славе Николовски-Катини започна да пишува за македонското иселеништво од првото дело насловено *„Македонски холокауст“,*публикација која го претставува значајниот придонес во натамошното проширување на сознанијата за драмата на македонскиот народ во дијаспората..

Делото *„Македонски холокауст“* непосредно и аргументирано ги прикажува животните судбини на Македонците. Во секој презентиран текст читателот го чувствува присуството „на последное целивание“ на Македонецот со родната грутка, со најблиските во родниот крај и со гробовите на починатите, што завршува со солзи на очите.

Никој од насилно отселените од родниот праг не верувал нити пак ќе поверува дека латинската поговорка: „Ibi bene ibi patria“ (Таму каде што ти е убаво, таму ти е и татковината) претставува вистина. Затоа и за на век вака ќе се одгласуваат како вистина испеаните песни: „Бог да бие кој прв спомна Америка“, „Туѓината пуста да остане“ и други македонски песни.

На промоцијата на првото дело на Славе Катин *„Македонски холокауст“,* во Клубот на новинарите на Ма-ке-донија, Живко Василевски, претседател на Културно-про-свет-ниот со-бор на Собранието на Република Македонија, а потоа и прет-се-да--тел на Матицата на иселениците од Македонија, истакна дека во сегашниот миг на разгорени страсти за господарење со средиштето на Балканот, а и во иднина, ова дело на Катин ќе претставува значајна и своевидна документација за одбраната на националното битие на Македонецот, но и аргументација за проширување на сознанијата на општествено-политичката, кул-тур-ната и научната јавност во светот за македонскиот дел на Балканот.

Исто така, тој рече дека делото на Славе Катин *„Македонски холокауст*“, е по-све-тено, главно, на иселеништвото, при што овој истакнат македонски општествен и кул-турен работник ќе реќе:
*„Тоа претставува значаен придонес во натамошното проширување на созна-нијата за драмата на македонскиот народ и за нејзините режисери, кои што со невидена упорност ја продолжуваат со години, децении и векови и се' уште упорно ја продолжуваат и се надеваат на конечното иско-ре-ну-вање на Македонците од нивниот дел на Балканот.*

*Македонија, таа срцевина на Балканот, од искона била и ќе биде крстосница на најзначајните магистрали меѓу Северна и Средна Европа, од една, и Медитеранот и Блискиот Исток, од друга страна. Преку овие магистрали постојано се движеле цивилизациите од Север кон Југ и од Југ кон Север и секоја зад себе оставила траги од својата материјална кул-тура. Веројатно оваа вистина за Македонија била и мотив „железниот“ канцелар Бизмарк, кон крајот на XIX век да ја изговори познатата син-тагма: „Оној што владее со долината на Вардар, владее и со Балканот*“.

*Во ова дело Славе Катин ги дава сведоштвата за Лерин, Желево, Габреш, К'басница, Воден, за Љубојно, Брај-чино, Велгошти, Вевчани, за Мелник, Петрич и Сандански, за Мала Преспа и преселбите и разделбите на Македонците и за нивниот не-пребол кон родната грутка. Во фокусот на неговото внимание се исе-ле-ниците, кои се потврдуваат*

*како мошне значаен фактор во борбата на Македонецот за својата национална легитимација, или поточно за својот јазик и култура, колку слични, толку и различни од историјата, јазикот и културата на другите словенски народи“.*

Во рамките на овие и вакви ангажирања на аспирантите за вла-деење со Балканот, станува сосема разбирлива и вистината за една тре-ти-на од отселените Македонци од својата родна грутка во преку-мор-ските земји. Оваа судбина е карактеристична и за народот од Израел и за Ерменците. Во *„Македонскиот холокауст“* Славе Катин непосредно и аргу-мен-тирано ги прикажува животните судбини на Македонците.

Ова дело на Катин прет-ста--вуваат илустративен пример за современиот миг на македонскиот држа-вен и политички однос кон нашите иселеници и нивните културни, црков-ни и спортски друштва, клубови и други асоцијации. Однос што отвора нови можности, содржини и перспективи за градење поблиски односи и врски со македонското иселеништво, по примерот на Италија, Грција, Полска, Германија, Хр-ватска и други земји. Колку ќе се успее во тоа, ќе покаже иднината.



**ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН**

***Продолжува***